Почитувани претставници на граѓанските организации,

Ви благодариме на интересот за учество на Повикот до граѓанскиот сектор за придонес во подготвувањето на Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2022 година. Пополнетиот образец (заедно со прилозите, доколку ги има) доставете го до Одделението за соработка со невладини организации на Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, електронски на адреса **nvosorabotka@gs.gov.mk со назнака Иницијатива за ГПВРСМ 2022, до 30.9.2021 година.** Со доставување на образецот потврдувате дека се согласувате вашата иницијатива да биде објавена на веб страницата www.nvosorabotka.gov.mk.

## Општи податоци за здружението / фондацијата

Име на здружението/фондацијата: **Фондација Отворено општество - Македонија**

ЕМБС (матичен број на правниот субјект според податоците во Централен регистар): **4030999370170**

Седиште и адреса (улица, број, општина): ул. **Чедомир Миндеровиќ број 31, општина Центар**

Застапник: **Фани Каранфилова-Пановска, Извршна директорка**

Веб страница: www.fosm.mk

Електронска пошта (e-mail): fosm@fosm.mk и dance.danilovska@fosm.mk

Телефонски број за контакт: **070/327-261**

Лице за контакт: **Данче Даниловска-Бајдевска, програмска директорка**

## Предлог- иницијатива
## за годишна Програма за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2022 година

**Наслов на иницијативата:**
Донесување на Одлука за измена на Решение за формирање на Секретаријат за РЈА, со цел вклучување на граѓанското општество

**Стратешки приоритет:** (придонес - поврзаност со определен стратешки приоритет на Владата на Република Северна Македонија)

Согласно член 1, став 7 од Одлука за утврдување на стратешките приоритети на Владата за 2022 година, оваа иницијатива е врзана за стратешкиот приоритет **"модерна и ефикасна јавна администрација, базирана на дигитализација која обезбедува квалитетни и брзи услуги за граѓаните и деловните субјекти".**

**Приоритетна цел:** (придонес - поврзаност со определена стратешка цел на Владата на Република Северна Македонија)

Согласно член 2 од Одлука за утврдување на стратешките приоритети на Владата за 2022 година, оваа иницијатива е врзана со стратешката цел **"ефективно, ефикасно и инклузивно креирање политики, стручна, професионална и департизирана администрација и одговорно, отчетно и транспарентно работење на институциите".**

**НППА** (поврзаност со пристапни партнерства како и соодветна идентификација на поглавје и подрачје)

Оваа иницијатива е врзана со кластер 1 Основи (Демократија и добро владеење), 1.1. Демократија: 4. **Граѓанско општество** и 1.2 **Реформа на јавна администрација**.

**Образложение:** (Краток опис на иницијативата: причини за предлагање, предмет на уредување доколку се работи за закон или подзаконски акт и надлежен орган на државната управа)

Процесот на подготовка на нацрт-стратегија за реформа на јавната администрација за периодот 2018-2022 беше иницирал од страна на Министерството за информатичко општество и администрација (понатаму во текстот: МИОА) во текот на летото 2016 година, кога согласно решение за формирање работна група за изработка на Стратегијата, учество во процесот зедоа две граѓански организации и една мрежа на граѓански организации.

Текстот на нацрт-стратегијата изработен од работната група за првпат ѝ беше достапен на јавноста на 15 јуни 2017 година, кога Министерството распиша повик за доставување коментари на нацрт-стратегијата и акцискиот план. По иницијалните барања за комплетна ревизија на документот од страна на граѓанскиот сектор и експертската јавност, Министерството распиша повик за номинирање членови во тематските подгрупи за финализирање на Стратегијата.4

Процесот на подготовка на Стратегијата стана значително поинклузивен и транспарентен, што пак стимулираше поголем интерес кај граѓанските организации, што е видливо од големината и од составот на работните групи. За споредба, во работните групи основани од министерката Арсовска Томовска 14% од членовите беа претставници на граѓански организации и мрежи, додека во работните групи основани од министерот Манчевски, овој просек изнесува 59%. Големината на работните групи во првата фаза, во просек, беше 14, додека во втората фаза - 36 членови.

Со цел успешна координација и управување со процесот на РЈА, Стратегијата предвидува воспоставување на политичко-оперативна структура. Па така, воспоставен е Совет за реформа на јавна администрација, со кој претседава претседателот на Владата, а како членови се јавуваат ресорни министри и други високи владини претставници. Согласно Стратегијата и Решението за формирање на Совет за реформа на јавната администрација, претседавачот на Советот може на седниците да покани да присуствуваат и претставници од граѓанското општество или други релевантни и засегнати чинители. Од основањето на Советот во 2017 година до денес, најчесто како засегнати чинители биле поканети донатори кои поддржуваат имплементација на одредени активности предвидени во Стратегијата.

Согласно Стратегијата, стручна и техничка поддршка на Советот за РЈА обезбедува Секретаријат за РЈА, раководен од заменикот министер за информатичко општество и администрација, а составен од раководни административни службеници од институциите – носители и учесници на активностите утврдени во Акцискиот план на Стратегијата. Согласно Стратегијата и Решението за формирање Секретаријат за реформа на јавната администрација, граѓанското општество не е вклучено во работата на ова тело.

Оттаму, имајќи предвид дека граѓанското општество даде значителен содржински придонес кон подготовка на Стратегијата за реформа на јавна администрација 2018-2022 година, како и заложбите на владата за одговорно, отчетно и транспарентно работење, невклучувањето на граѓанското општество во координацијата и управувањето со процесот на РЈА е неоправдано.

Оваа иницијатива бара да се донесе Одлука за измена на Решение за формирање на Секретаријат за РЈА, со цел вклучување на граѓанското општество. Граѓанското општество преку свои претставници, може значително да придонесе кон унапредување на квалитетот на работа на Секретаријатот, кое како тело: дава препораки за приоритетите во процесот на реформа на јавната администрација, обезбедува

координација и усогласеност во планирањето и спроведувањето на реформата, ги разгледува извештаите од следењето на спроведувањето на Акцискиот план, иницира и препорачува преземање на мерки во случај на утврдени ризици од неспроведување или потешкотии при спроведување на Акцискиот план, ги разгледува ефектите од спроведените активности во различните сектори од јавниот сектор кои се одразуваат врз јавната администрација и дава препораки до Советот за РЈА, итн.

**Очекувани влијанија:** (Кои се очекуваните влијанија од предлог-иницијативата)

Зголемување на инклузивноста, транспарентноста, отчетноста и одговорноста во спроведување на реформата на јавната администрација.

**Финансиски импликации:** (Дали предлог-иницијативата предизвикува финансиски импликации? Ако има, дали потребните средства се обезбедени и од кои извори?)

Нема.

**Прилози** (со наведување на авторот на документот):

Влада, Стратегија за реформа на јавната администрација 2018-2022 и Акциски план. Достапни на: https://mioa.gov.mk/sites/default/files/pbl_files/documents/strategies/srja_2018-2022_20022018_mk.pdf

Влада, Решение за формирање на Совет за реформа на јавната администрација (2017). Достапно на: https://www.mioa.gov.mk/sites/default/files/pbl_files/documents/rja/resenia_za_sovet.pdf

Министерство за информатичко општество и администрација, Решение за формирање Секретаријат за реформа на јавната администрација (2021). Достапно на: https://mioa.gov.mk/sites/default/files/pbl_files/documents/rja/reshenie_za_formiranje_na_sekretarijat.pdf

Мирчевска М., Јусуфи А., Прв извештај за степенот на имплементација на стратегијата за реформа на јавната администрација 2018-2022 година за период: февруари - јуни 2018 година (2018). Достапен на: https://fosm.mk/CMS/Files/Documents/foom_reforma%20na%20javnata%20administracija_MKD_web.pdf

Потпис на застапникот
29/09/2021 година
М.П.

Ф. Карамфилова

ФОНДАЦИЈА ОТВОРЕНО ОПШТЕСТВО-МАКЕДОНИЈА * СКОПЈЕ *